ООУ Гоце Делчев

Свети Николе



**ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2022-2024**

**СОДРЖИНА**


1. **Податоци за училиштето** ..........................................................................................................................
2. **Вовед во извештајот од самоевалуација** .........................................................................................................
3. **Подрачје 1:** Организација и реализација на наставата и учењето ..........................................................................
4. **Подрачје 2:** Постигањето на учениците.........................................................................................................
5. **Подрајче 3:** Училишна клима и односи во училиштето.....................................................................................
6. **Подрачје 4:** Управување и раководење и креирање политики.........................................................................
7. **Идни активности** ........................................................................................................................................

**Тим за самоевалуација** .....................................................................................................................

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2022-2024 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Свети Николе** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик** |
| **Директор на училиштето:** | **Сузана Дерменџиева** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул: „Цветан Димов“ бр: 57** |
| **Телефон:** | **032/443-158** |
| **e-mail:** | **ougocedelcev@yahoo.com** |

## ВОВЕД ВО ИЗВЕШТАЈОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Самоевалуацијата на училиштето се спроведе врз основа на Законот за основно образование, Индикатори за квалитет на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.**

Самоевалуацијата на училиштето се изработува со цел да се направи детален преглед и анализа на работењето на училиштето, напредокот и постигнувањата во изминатиот период. Од анализите стануваат видливи силните страни и квалитетите, како и слабостите и можностите за напредок. Дефинирањето на силните и слабите страни во работата е основа за планирање на идните чекори и мерки за подобрување на квалитетот во работата на училиштето, кои детално ќе бидат разработени во развојниот план на училиштето. Самоевалуацијата ја дава општата насока во која треба да се ангажираат учесниците во воспитно-образовниот процес, увид во расположливите капацитети, како и  преглед на приоритетните области во кои треба да се делува за да се оствари крајната цел. Заедничка цел на на сите субјекти во училиштето е да се работи на отстранување на недостатоците и намалување на бројот на слаби страни и задржување и зајакнување на силните страни и квалитетите. По извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени целокупната работа на училиштето со оцена **Многу добро**. Оваа оцена е изведена од добиените оцени во сите  подрачја, кои ја отсликуваат работата на училиштето во посебните области.

**Подрачје 1:** Организација и реализација на наставата и учењето **Ниво на евалуација: Многу добро**

| **Подрачје 1: „Организација и реализација на наставата и учењето“** |
|---|
| |

| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |
|---|---|
| 1.1. Планирања на наставниците | Многу добро |
| 1.2 Наставен процес | Многу добро |
| 1.3 Искуства на учениците од учењето | Многу добро |
| 1.4 Оценувањето како дел од наставата | Многу добро |
| 1.5 Воннаставни активности и натпревари | Добро |

| СИЛНИ СТРАНИ: | СЛАБИ СТРАНИ: |
|---|---|
| • Родителите го чувствуваат училиштето како безбедна средина за децата.<br>• Наставниците кон учениците се однесувам со почитување.<br>• На часовите учениците имат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)<br>• Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на детето.<br>• Наставниците ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br>• Наставниците редовно ги известуваат родителите и учениците за постигањата и начините за нивно подобрување. | • Вклучување на учениците во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште)<br>Оваа слаба страна на училиштето е резултат на мал број на ученици од друга етничка припадност(12 турци).Начинот на кој што можат учениците да се вклучат во активности со ученици од други култури е партнер училиште во кое поголем ден од ученици се од друга култура(различна од онаа во нашето училиште).<br>Во нашето училиште се учи само на македонски јазик така што активнстите внатре во училиштето со ученици кои учат различни јазици е невозможна. За вкличување на ученици во активностите со ученици од други култури исто така е невозможна бидејќи во нашето училиште има само 12 ученици кои се од турска националност. |

| | |
|---|---|
| • Наставниците ги пофалуваат учениците за вложениот труд.<br>• Наставниците го пофалуваат учениците за постигнатите резултати.<br>• Родителите ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето детето.<br>• Наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаеме за секоја оценка.<br>• Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења(усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)<br>• Наставниците им објаснуваат на учениците зошто добиле одредена оценка.<br>• Учениците се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности.<br>• Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствен интерес.<br>• Успешно соработувам со образовните асистенти.<br>• Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.<br>• Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/и.<br>• Наставниците ги поддржуваат и мотивираат учениците да учествувам во раазлични проекти.<br>• Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | • Наставниците треба да ги мотивираат учениците поактивно да се вклучуваат во разни воннаставни активности<br>• Училиштето потребно е да понуди избор на поголем број на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.)<br>• Потребна е поголема слобода на изразување на мислењето на учениците но притоа да се води сметка да се почитуваaат наставниците, останатите ученици, стручна служба,директор, останати вработени и родители. |

**Идни активности:**

- Во иднина наставниците да им даваат поголема поддршка и да ги мотивираат учениците да се вклучуваат во

разични проекти но воедно да се воведат различни воннаставни активности(на пр. клубови,проекти, акции) па учениците да се вклучуваат доброволно и самоиницијативно.

- Наставниците треба да обрнат внимание во иднина оценувањето да биде јавно, транспарентно и да се изработат критериуми на ниво на училиште и активи.
- Во иднина наставниците треба да им оставаат простор на учениците да можат слободно да се изразат и да го искажат нивното мислење.

## Подрачје 2. „Постигањето на учениците“

### Ниво на евалуација: Добро

| Подрачје 2 „ Постигања на учениците“ | |
|---|---|
| Индикатори за квалитет | Ниво на евалуација |

| | |
|---|---|
| **2.1 Постигања на учениците** | **Добро** |
| **2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | **Добро** |

| **СИЛНИ СТРАНИ:** | **СЛАБИ СТРАНИ:** |
|---|---|
| • Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и превзема соодветни мерки и прави анализи;<br>• Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето;<br>• За секој ученик во училиштето се води портфолио и се има постојан увид за напредокот на учениците за превземање конкретни чекори за подобрување на постигањата и успехот;<br>• Се води редовна евиденција за постигањата на учениците и се изготвуваат анализи и извештаи;<br>• Бројот на учениците кои го повторуваат одделението е минимален;<br>• Училиштето располага со податоци запостигање на учениците по етничка припадност, по пол, предмети и квалификациски периоди;<br>• Училиштето ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата и на време презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста;<br>• Родителите редовно и навремено добиваат информации за постигањата, редовноста на нивните деца;<br>• Формиран е Тим за инклузивност кој го формира директорот и е составенод 7 членови и тоа : педагог, | • Потребна е поголема поддршка од стручната служба во наставниот процес и пружање помош на учениците со потешкотии и на учениците со посебни потреби/попреченост кога за тоа има потреба;<br>• Недостаток на материјални ресурси за наставниците и просторни услови за работа со ученици со посебни образовни потреби (сензорна соба)<br>• Дел од учениците неоправдано отсуствуваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на неоправдани изостаноци на ниво на училиште;<br>• Соработката со родителите на учениците кои неоправдано отсуствуваат од редовната настава се остварува многу тешко;<br>• На отворените денови и родителските средби не доаѓаат родителите на учениците со ниски постигнувања. |

| | |
|---|---|
| дефектологот, еден наставник од предметна настава, еден наставник од одделенска настава , двајца родители и директорот на училиштето. Инклузивниот тим на училиштето има мандат од 3 години.<br>• Исто така за секој ученик со ПОП е формиран инклузивен тим со мандат до завршување на ученикот и во него се вклучени сите наставници на ученикот, неговиот родител, педагогот, дефектологот и тие изработуваат ИОП за ученикот најдоцна до 30 септември во учебната година.<br>• Планот на Инклузивниот тим на училиштето се наоѓа во прилозите на Годишната програма.<br>• Во училиштето има дефектолог за работа со деца со пречки во развојот. | |

**Идни активности:**

- Училиштето да продолжи со редовни обуки и семинари за наставниците, со цел да ги подобрат своите вештини за работа со ученици со ПОП (попреченост, специфични тешкотии во учењето, надарени/талентирани и ученици кои напредуваат побрзо). Обуки и професионален развој за наставниците за да ги зајакнат своите компетенции во прилагодување на наставните програми, задачи и методи;
- Поголем број на едукативни работилници наменети за ученици според нивната возраст
- Поголем број на едукативни работилници наменети за родители според возраста на нивните деца.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

### Ниво на евалуација: Многу добро

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето | |
|---|---|
| **Индикатори за квалитет** | **Ниво на евалуација** |

| | |
|---|---|
| **3.1 Училишна клима** | **Многу добро** |
| **3.2 Еднаквост и правичност** | **Многу добро** |
| **3.3 Партнерски однос со заедницата** | **Многу добро** |
| **3.4 Севкупна грижа за учениците** | **Добро** |

| **СИЛНИ СТРАНИ:** | **СЛАБИ СТРАНИ:** |
|---|---|
| • Во училиштето владее добра клима и тоа е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Ова се се потврдува и со спроведената анкета, при што на тврдењето дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка целосно се согласуваат 99 % од наставниците кои се вработени во училиштето. Дека нивното дете е прифатено и почитувано во училиштето целосно се согласуваат 66,8 % и се согласуваат 30,6 % од родителите. Дека во училиштето владее добра клима за работа се потврдува и од страна на учениците, со 89% потврдни одговори на ова тврдење. Нашите ученици имаат високи постигнувања на спроведените натпрпрвари на општинско, регионално и државно ниво.<br>• Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>• Во училиштето има добра соработка меѓу сите | • Дисциплината на учениците за време на одморите може да се подобри.<br>• Родителите се вклучени во активностите на училиштето, но соработката од нивна страна е делумна, посебно во однос на проблемите со родителите на учениците што покажуваат послабо поведение и послаб успех. |

| | |
|---|---|
| наставници, посебно оние кои предаваат сродни предмети, што се потврдува и со спроведената анкета на наставниците со 82 % потврдни одговори декамеѓусебната соработна е на завидно ниво.<br>• Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот;<br>• Училиштето системски го следи почитувањето на Куќниот ред на училиштето и Кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес. Вкупно 65 % од наставниците биле вклучени во изготвување и ажурирање на Кодексот на однесување и 80 % сметаат дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.<br>• Учениците секогаш се стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални, државни и меѓународни натпревари и манифестации за што сведочат бројните освоени награди на учениците;<br>• Се води грижа за насочување на учениците за правилен избор на понатамошно образование - професионален развој на учениците;<br>• Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските / класните раководители и родителите на учениците. Во таа насока педагошката служба редовно ја следи работата на наставниците и нивното залагање кон учениците;<br>• Наставниците покажуваат позитивни и мотивирачки ставови кон учењето и работата со учениците;<br>• Наставниците и учениците отворено разговараат, се прифаќаат, ценат и ја негуваат еднаквоста на секоја личност без разлика на етничката, верската, националната и друга припадност. На спроведената | |

| | |
|---|---|
| анкета 66,8 % од родителите целосно се согласуваат дека нивното дете е почитувано од страна на родителите и 30,6 % од нив се согласуваат со оваа констатација;<br>• Наставниците сметаат дека на родителите целосно им се достапни информациите за сите училишни активности;<br>• Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците (на родителски или индивидуални средби или со пристап во<br>• е - дневникот), па може да се истакне дека меѓусебната соработка е на завидно ниво; | |

**Идни активности:**

- **Вклученост на родителите и учениците во севкупниот воспитно - образовен процес на училиштето;**
- **Подобрување на соработката со родителите за подобрување на дисциплината, успехот и моралното однесување;**
- **Соработка со родители, преку организирање работилници и советувања, посебно со оние родители чии деца се со послаб успех;**
- **Соработка со други училишта, училишта од мешан етнички состав.**

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Ниво на евалуација: Многу добро**

| Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики | |
|---|---|
| **Индикатори за квалитет** | **Ниво на евалуација** |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето** | **Многу добро** |
| **4.2 Цели и креирање на училишна политика** | **Многу добро** |

| СИЛНИ СТРАНИ: | СЛАБИ СТРАНИ: |
|---|---|
| • Директорот ги информира сите чинители кои активности ги планира училиштето за следниот период.<br>• Библиотеката/медијатеката е место каде може да се чита и учи во пријатна атмосфера и е достапна за сите. | • Родители помалку се запознаени како се троши училишниот буџет.<br>• Училиштето не обезбедува во доволен број потрошен материјал за реализација на наставата (материјали за печатење на тестови и наставни листови) |

| | |
|---|---|
| • Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности во училиштето .<br><br>• Наставниците стручно се усовршуваат според своите потреби и се поттикнати од училиштето за стручно усовршување.<br><br>• Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие и за тоа наставниците добиваат конструктивна повратна информација.<br><br>• Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците. | |

**Идни активности:**

- Родителите ,преку членовите на родителите во Училишниот одбор и Совет на родители, да се запознаваат со трошење на училишниот буџет.
- Училиштето да обезбеди повеќе потрошен материјал за реализација на наставата (материјали за печатење на тестови и наставни листови)

## Тимови за самоевалуација по области:

**ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

| | |
|---|---|
| 1.1. Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Вонннаставни активности и натпревари | Елеонора Арсевска<br>-кординатор<br>Лилјана Ристовска-заменик Кординатор<br>Слаѓана Лазарова<br>Слаѓана Димова<br>Василка Николова<br>Зорица Ефремова |

**ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| | |
|---|---|
| 2.1 Постигања на учениците | Весна Јосифова- кординатор |

| | |
|---|---|
| 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | Дејана Пантазиева-заменик кординатор<br><br>Златко Златев<br><br>Марија Зафирова Стојчева<br><br>Даниела Манева |

**ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА**

| | |
|---|---|
| 3.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>3.2 Еднаквост и правичност<br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br>3.4 Севкупна грижа за учениците | Елена Иванова- кординатор<br><br>Ирена Кировска Богатинова- заменик кординатор<br><br>Драгана Монева<br><br>Татјана Сетинова Трајчева<br><br>Емилија Смилкова<br><br>Валетина Ѓоргиева<br><br>Јордачо Тредафилов |

**ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| | |
|---|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето | Валентина З. Ѓоргиева- кординатор<br>Катерина Манева- заменик кординатор<br>Доцка Златева<br>Фросина Ѓоргиева<br>Емилија Смилкова<br>Гордана Панева<br>Силвана Доневска |
| 4.2 Цели и креирање на училишна политика | |

**<u>Комисија за самоевалуација 2024:</u>**

1. **Катерина Величкова – наставник**
2. **Елеонора Арсевска – наставник**
3. **Елена Иванова – наставник**
4. **Валентина З. Ѓоргиева – наставник**
5. **Ристе Панов – претставник од Совет на родители**

**Директор:**

-----------------------------

Сузана Дерменџиева